A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

09-76/19
21.02 23

03-74/1
01.03. 23

# ДОГОВОР

## за набавка на геодетски услуги

*Склучен помеѓу:*

1. **Општина Зрновци**, со седиште на адреса ул."Илинденска" бр.бб, со ЕДБ 4013005120933 и ЕМБС 6010407, застапувано од Градоначалник Борчо Коцев (во натамошниот текст: Договорен орган), и

2. **Друштво за геодетски работи и услуги ГЕОДИН ГЕО ДООЕЛ Скопје,** со седиште на адреса ул." Борис Трајковски_" бр. 111, Скопје, со ЕМБС 6839126, и ЕДБ 4080013533618, застапувано од одговорно лице Анита Стојановска (во понатамошниот текст: Носител на набавката),

**Член 1**

Предмет на овој Договор е јавна набавка на геодетски услуги согласно техничките спецификации утврдени во тендерската документација за набавка на мала вредност објавена преку ЕСЈН со оглас број 00671/2023 од 25.01.2023 година и Одлука за избор на најповолна понуда од 10.02.2023 година.

**Член 2**

Јазик на овој договор и на другите документи кои претставуваат негов составен дел е македонски јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорените страни е македонскиот јазик

**Член 3**

Носителот на набавката е должен предметот на набавка да го изврши по добиена нарачка од страна на овластено лице во Општина Зрновци со утврден рок за секој предмет одделно за времетраење на договорот во рок од 12 месеци од денот на негово склучување на истиот или до целосна реализација на средствата во зависност од тоа што попрво ќе биде исполнето .

**Член 4**

Вкупната вредност на услугите кои се предмет на овој договор изнесува 400,000,00 денари без пресметан ДДВ.

Во вредноста на договорот не е пресметан данок на додадена вредност.

Цените утврдени во овој договор ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**Член 5**

Договорниот орган се обврзува договорената цена да ја исплати на Носителот на набавката во рок од 30 дена од денот на доставување на фактура во архивата на Договорениот орган.

**Член 6**

Договорените страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само со анекс кон овој договор.

Договорената страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете страни.

Член 7

Евентуалните спорови коишто би можеле да се појават за време на извршување на услугите од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено и во согласност со основните принципи на деловна соработка. Во спротивно, за истиот ќе се решава по судски пат во Основен суд Кочани.

Член 8

За се што не е предвидено со овој Договор, ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за облигационите односи.

Член 9

Овој Договор се смета за полноважен и дека стапил во сила од денот на неговото потпишување и деловодна заверка од двете договорните страни.

Член 10

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја од договорните страни.

*ДОГОВОРНИ СТРАНИ:*

**ДОГОВОРЕН ОРГАН:**
**ОПШТИНА ЗРНОВЦИ**

*Грдоначалник*
Борчо Коцев

---------------------

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:**
**ГЕОДИН ГЕО ДООЕЛ Скопје**

*Управител*
Анита Стојановска

---------------------